**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**


**ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ**
**по методика на наставата по религиско образование**


**ТАТЈАНА ЈОВАНОВА**


# ЕТИЧКОТО УЧЕЊЕ И НОРМИ ВО ИСЛАМОТ

**- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД -**

**Штип, април, 2011**

## Комисија за одбрана и оценка

**Ментор: Проф. д-р. Снежана Мирасчиева**

**Педагошки факултет**

**Член**

**Член**

# Краток извадок

Исламот претставува религија која Алах ја објави преку пророкот Мухамед за целото човештво.

Исламската религија се заснова на вера во едниот Бог (арапски: Алах), избор на Мухамед за Божји пратеник, предодреденост на човековата судбина, награда за добрите дела и казна за лошите, Суден ден и воскресение на мртвите. Оние кои ја примиле оваа религија се нарекуваат муслимани и муслиманки.

Исламски да се верува значи:

Да се признава, да се верува дека е вистина сѐ што Алах објавил во Куранот преку својот пратеник Мухамед.

Двете најголеми теми во Куранот се единственоста и моќта на Бога, како и природата и судбината на луѓето во односот со Бога.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: ислам, Бог, Алах, Мухамед, муслимани, Куран.**

# Abstract

Islam represents a religion which Allah through the Prophet Muhammad published for all mankind.

The Islamic religion is based on faith in one God (Arabic: Allah), choice of Muhammad to God's envoy, predestination of human destiny, reward for good deeds and punishment for evil, doomsday and resurrection of the dead. Those who accepted this religion are called Muslims.

In Islam to believe means:
To recognize, to believe that everything is true what Allah declared in the Quran through its envoy Muhammad.

The two main themes in the Quran are the uniqueness and power of God and the nature and destiny of people in relationship with God.

**KEY WORDS: Islam, God, Allah, Muhammad, Muslims, Quran.**

# Содржина


1. Краток извадок ........................................................................ 3

2. Abstract ................................................................................. 4

3. Содржина ............................................................................... 5

4. Вовед ...................................................................................... 7

5. Цел на истражувањето ........................................................... 8

6. Бог ........................................................................................... 9

7. Исламско верување ................................................................ 12

- Имански шартови ................................................................ 12
- Верување во Алах ................................................................ 13
- Верување во Алаховите Мелеки (ангели) ............................14
- Верување во Господовите Китаби (книги) ............................15
- Верување во Алаховите пратеници ......................................15
- Верување во Судниот ден .....................................................16
- Верување во Алаховото одредување ....................................17

8. Исламски должности ...............................................................18

- Шехадет (сведочење) ............................................................18
- Намаз (молитва) ....................................................................19
- Зеќат .......................................................................................20
- Пост .........................................................................................22
- Аџилак .....................................................................................23

9. Етичкото учење на исламот .....................................................25

- Основи на исламскиот морал ................................................25
- Етика во семејството ..............................................................28
- Етика на училиште .................................................................28
- Етички правила за однесување кон соседите .......................29
- Етика на пат и на други места ...............................................30
- Моралните особини на пророкот Мухамед ...........................31

10. Етичките норми на исламот ............................................................33

- Етички норми во исламот кои ги востановил Мухамед ............34
- Должности кон Господ ...............................................................36
- Должности кон себеси ...............................................................36
- Должности кон другите ..............................................................41

11. Исламско воспитување ..................................................................44

- Зошто е потребно добро воспитување? ...................................44
- Фактори кои влијаат врз обликувањето на ахлакот ..................45

  а) Човековата природа ...............................................................47

  б) Навика .......................................................................................47

  в) Средина .....................................................................................48

  г) Волја ...........................................................................................49

12. Куран ...............................................................................................50

13. Дванаесетте морални правила од Куранот ...................................53

14. Исламски концепт ...........................................................................55

- Не постои религиозна власт ......................................................55
- Исламско право ...........................................................................55
- Исламскиот календар .................................................................56
- Исламските школи ......................................................................57

15. Симболи на исламот .......................................................................58

16. Заклучок ..........................................................................................60

17. Користена литература ....................................................................61

# Вовед

Исламот е еден од најзначајните, најголемите и најраширени светски религии, трета од монотеистичка форма. Ислам значи-потчинување, предавање, покорување кон Бога. Исламот се базира врз светата книга Куран, која настанала како порака-објава од Бога преку Пророкот Мухамед. Куранот е извор за исламската вера, морал и право, во него се претставени основните Божји стремежи, намери и волји, како и задачите на луѓето кон Бога и во животот. Според исламските научници, исламот се дефинира како систем на закони и распоред за олеснување на човечкиот живот и прифаќање на Бог како создател.

На арапски зборот ислам доаѓа од коренот со три букви СИН-ЛАМ-МИМ кој значи покорност, предавање, послушност, мир. Зборот ислам е вербален апстракт на овој корен и буквално значи покорност/послушност и се однесува на покореност кон Алах (Бог) .

Исламот е монотеистичка религија која се вбројува во Аврамските религии и е втора религија по распространетост во светот. Следбениците на оваа религија се нарекуваат муслимани. Муслиманите веруваат дека Бог ја предал својата Божествена Реч во облик на откровенија преку разни пророци и дека Мухамед бил последниот Божји пратеник.



# Цел на истражувањето

Кажано во општи црти, целта е да го запознаеме и да го објасниме етичкото учење и нормите во исламот.

Исламот опфаќа и етика во своето учење. Постојат многу текстови од Куранот и изреки од пратеникот Мухамед кои зборуваат за етиката на човекот. Муслиманите веруваат дека исламот е религија која поучува да се верува со срце и со разум и верата да се потврдува со добри дела.

Целта на муслиманската етика е да ги поучи луѓето како да го живеат својот живот за да бидат среќни. Среќата на човекот, пак, зависи од братството помеѓу луѓето и мирот на земјата. Затоа е важно, човекот да биде добар, да им помага на другите луѓе и да живее со сите во мир.

Исламот учи дека човекот е должен да бара знаења од секаков вид. Првиот спуштен збор од Куранот е : „Читај!“. Барањето на знаења треба да се извршува во текот на целиот живот затоа што учениот може да биде од корист на себеси, на семејството, во општеството каде што живее и воопшто, во човештвото.

Моралот, исто така, има важно место во учењето на исламот. Една од основните цели на исламот е да изгради кај муслиманите здрав и чист морал. Според исламот, убавото воспитување претставува украс на човековата душа.

Исламот учи дека муслиманите треба да се ослободат од сите лоши особини, какви што се: омразата, ароганцијата, зависта, дволичноста... Од друга страна, потребно е да се негува чувството на љубов и почит кон сите луѓе. Така, моралното исламско учење им заповеда на муслиманите да го посакуваат за својот брат она што го посакуваат за себеси. Според исламското учење, треба да се работи сè што е добро и што е од лична и од општествена корист.

# Бог

Основниот концепт на исламот е Божјото едноштво. Овој монотеизам е апсолутен, а не релативен или плуралистички во ниедна смисла на зборот. Бог е опишан во Сурата ЕЛ-ИХЛАС. Името Алах е сеопфатно за другите 98 имиња прикажани во Куранот, едно име е неоткриено од Бога. Во суштина едно име на Бог означува една особина за разлика од името Алах коешто ги има сите особини и значења. Името „Алах“ нема множина или род за разлика од зборот „Бог“ кој може да се стави во множина „Богови“ и во женски род „Божици“. Кај исламот Семоќниот „Алах“ по Куранот:

*„ (е) Создател на небесата и земјата! И од вас Он парови создаде и од добитокот Он парови создаде: За да ве множи, секако! Нему не Му е ништо слично. Он е Слушач и Гледач“ (42:11).*

Концептите поврзани со зборот Алах (како божество) се разликуваат од предание до предание. Во предисламска Арабија кај Арапите-многубошци, Алах не бил единствениот Бог, туку тој имал соработници и придружници, ќерки и синови - замисла која во огромна мера се коси со Исламот. Во Исламот, Алах е врховно и сеопфатно божествено име. Сите други божествени имиња се сметаат дека се имиња на истиот еден и единствен Бог. Алах е уникатен, единствен Бог, трансцендентен создател кој е семоќен.

Имплицитната употреба на определениот член во зборот *Алах* лингвистички назначува божествено едноштво. Муслиманите веруваат дека Богот кого го слават е истиот Јудео-Христијански бог, т.е. Аврамовиот Бог. Меѓутоа, муслиманите не веруваат во христијанскиот концепт на Божјото тројство[1].

Цитат од Куранот сура Ен-Ниса (4) : 171:

[1] Интернет Wikipedia. com - категорија: Монотеистички религии, Религија ислам, Теологија, Аврамски религии

*„ О следбеници на Книгата, не претерувајте во верата ваша, и за Алах само вистина зборувајте! Месих, Иса[2], синот на Мејрем, е пејгамбер [3] Алахов, Зборот Негов, кој Он го фрли во Мејрем [4], Дух од него. Е, па верувајте во Алах и пејгамберите Негови, и не велете, „Троица“. Престанете, тоа е подобро за вас. Алах, навистина, е еден Бог. Нека е славен Он! Зарем Он да има дете? Сè што е на небесата и на Земјата е-Алахово. А Алах, секако, е Доволен Закрилник “*[2].

Во исламот не се дозволени визуелни слики на Бог зашто тоа може да доведе до идолопоклонство. Таквиот аниконизам може да се најде и кај Јудео-Христијанската теологија.

---

[2] *Куран* со превод 1418Х (1997). Превод на македонски - торбешки: Хасан Џи ло, Комплексом „ Мелик Фахд“ за печатење на Куранот Медина, КСА



„Алах“ во калиграфија

# Исламско верување

Секој муслиман и муслиманка мораат да ги научат правата за исламското верување за да знаат како треба да му се верува на Алах и на сѐ друго во што треба да верува еден муслиман. Потоа мораат да ги научат правата за вршење на исламската должност за да можат правилно да ги извршуваат, а мораат да ги знаат и правилата за исламското однесување, за да можат според нив да се однесуваат во животот.

Според тоа, исламските правила ги делиме во три групи:

1. Прописи за Исламско верување (Акаид)
2. Прописи за вршење на верски должности - обреди (Ибадет)
3. Прописи за Исламско однесување (Ахлак)

## Имански шартови

Секој муслиман и муслиманка, треба цврсто да веруваат во шест темелни вистини на верата кои се викаат имански шартови, а гласат:

1. Јас верувам во Алах
2. Јас верувам во Алаховите меглеки
3. Јас верувам во Алаховите китаби
4. Јас верувам во Алаховите пратеници
5. Јас верувам во Судниот ден
6. Јас верувам дека се што се случува е Алахова волја и одредба.

Во овие темелни вистини на верата, треба цврсто да се верува и истите добро да се познаваат. Кој не ги знае и не верува во овие шест темелни вистини на верата, тој не може да биде муслиман. Затоа тие и се викаат имански шартови, т.е. услови да се биде муслиман и муслиманка.

Верување во Алах



Темел на исламското верување е верата во еден единствен Господ, во Алах, Створител на светот. Кој цврсто верува дека постои Алах, Створител на сѐ што гледаме, тој мора да биде добар муслиман, а воедно и добар човек.

Својства на Алах се:

1) Господ има и постои
2) Господ е еден
3) Господ е од секогаш и не е создаден
4) Господ е заскогаш и нема да исчезне
5) Господ не е на ништо сличен
6) Господ сам по себе опстојува и не е од ништо зависен
7) Господ живее со Својот вечен живот
8) Господ сѐ знае
9) Господ сѐ слуша
10) Господ сѐ гледа
11) Господ сѐ со Својата волја прави

12) Господ е семоќен

13) Господ зборува со Својот божествен говор

14) Господ сè создава воздржува и раствора

## Верување во Алаховите Мелеки (ангели)

Мелеките се невидливи духовни битија. Алах ги створил од нỳр (светлост) и им одредил посебни должности. Тие не живеат како луѓе зашто не јадат, не пијат, не грешат, ниту имаат некакви потреби, освен задоволството да ги извршуваат своите должности! Алах им дал големи способности на мелеките за да можат да ги извршуваат своите должности на земјата и во вселената.

Нам ни се познати само имињата на некои од мелеките и какви им се должностите, како на пример: Џебра́ил, Мика́ил, Азра́ил, Исра́фил и за мелеките наречени „Кира́мен Катибин“. Џебра́ил им ги носел објавите на Господовите пратеници (Пејгамбери), Азра́ил има одредени должности за време на одвојувањето на душата од телото, а „Кира́мен Катибини“ го следат човекот, му носат добри мисли и му ги пишуваат неговите дела.

Треба да се знае дека постои едно невидливо духовно битие кое ја заведува човековата мисла и го наведува човекот на зло. Тоа е *шејтан* (ѓавол), кого семоќниот Алах го проколнал заради непослушност. Секој муслиман и муслиманка треба добро да се чуваат од проклетиот шејтан, да се борат против него работејќи добри, а избегнувајќи ги лошите дела, на кои шејтанот ги наведува и наговара.

## Верување во Господовите Китаби (книги)

Третиот имански шарт е: верување во Алаховите Китаби (книги). Господовите *Кита́би* се Господови објави кои им се доставувани на луѓето преку Алаховите пејгамбери. Нив им ги доставувал на Алаховите пејгамбери (пратеници) мелек Џебра́ил, а во нив се опфатени упатства, совети, молитви и прописи за животот и работата на луѓето.

Објавени се четири Големи Китаби: Тевра́т, Зебу̀р, Инџил, Кур - а́н. Освен овие четири Големи Китаби, биле објавени уште помали збирки на прописи кои се викаат *Сухуфи*.

Ние веруваме дека сите Господови Китаби и Сухуфи се објавени од Алах. Сите содржеле верување во еден Господ, во Судниот ден и во одговорноста на секој човек пред Алах. Во сите Китаби им било наредено на луѓето да прават добри дела, да се чуваат од лошите дела, убаво да се однесуваат и меѓусебно да се помагаат и чуваат.

## Верување во Алаховите пратеници (пејгамбери)

Алаховите пратеници (пејгамбери) се одбрани луѓе на кои Алах им ги испраќа Своите објави за да им ги кажуваат и објаснуваат на луѓето. Постоеле повеќе Алахови пратеници. Но ние, не го знаеме бројот и имињата на сите. Во Куранот се спомнати 25 имиња на Алаховите пратеници, а меѓу нив се највеличенствените: Адем, Нух, Ибра́хим, Му̀са, Иса и Мухамед.

Сите Алахови пратеници биле од Господа избрани луѓе. Тие биле верни, умни, искрени и во секој поглед им служеле за пример на другите луѓе. Тие покрај другите особини кај луѓето ги имале и следните особини: **Сидик, Ема́нет, Теблиг, Исмет и Фета́нет**.

*Сидик:* значи дека само вистина зборувале;

*Ема́нет:* значи дека биле потполно сигурни и доверливи;

*Теблиг:* значи дека точно и веродостојно им ја доставувале на луѓето Аллаховата објава;

*Исмет:* значи дека биле сочувани од грев;

*Фета́нет:* значи дека биле извонредно умни и остроумни.

Првиот Господов пратеник е А́дем алејхиселам. Тој е воедно и прв човек на земјата. Од него и од неговата жена Хазрети Хава, потекнува целокупниот човечки род.

## Верување во Судниот ден

*Судниот ден* е оној ден кога луѓето ќе одговараат пред Алах за своите дела кои ги правеле на овој свет. Тогаш на секој човек ќе му бидат прикажани неговите добри и лоши дела и ќе му суди Најправедниот судија. Така, и оние кои ги избегнале казните на овој свет за своите недела, ќе дојдат пред Алаховиот суд и ќе бидат праведно осудени. Кој ќе прави добри дела, ќе биде награден со Џенетот (рајот), а кој ќе прави злобни дела, ќе биде казнет со Џенем (пеколот), - ако милиот Алах не му прости. Затоа муслиманите треба целиот живот да настојуваат да прават добри дела и така да го заслужат Алаховото задоволство и награда.

*Џенет* е место за муслиманите на идниот свет каде што верниците вечно ќе уживаат. *Џенем* е место на идниот свет каде што грешниците ќе ја издржуваат казната според тежината на своите гревови, ако не им прости милиот Алах.

Кога ќе биде Судниот ден, никој тоа не го знае, освен Семожниот Алах.

*Господовото одредување* треба да се сфати на следниот начин:

Семоќниот Алах го создал сѐ она што постои на земјата и на небото. Тој прави распоред за сите настани во нив. Тој е причина над сите причини. Никој не може да го спречи во Неговата волја и работа. Што посакува, тоа и се случува; а што не сака, тоа не може да биде.

Кога сѐ е однапред одредено од страна на Алах, тогаш дали е оправдана *наградата* за добро дело и *казната* за лошо дело? - Тоа е оправдано, оти Семоќниот Алах ни подарил РАЗУМ за да можеме да го разликуваме доброто од лошото. Освен тоа им ги испраќал на луѓето Своите пратеници со објава да ги доведат на вистински пат и да ги предупредат за сѐ она што е забрането и што не чини да се прави. Бидејќи луѓето имаат своја *слободна волја,* тие можат сами да решат, дали ќе прават добри или лоши дела.

Алах има совршено знаење, и Тој врз основа на тоа Свое совршено знаење, однапред знаел дали поединецот користејќи ја својата слободна волја ќе се одлучи на зло или добро, па така тоа и го одредил.

Господовото знаење ни најмалку не влијаело врз поединецот да направи лошо или добро дело[3].

[3] Синани, Ајни. *Илмихал, Скопје, 2006.*

# Исламски должности

Исламот како систем има пет битни елемента кои од исламската наука се нарекуваат *Пет столба на исламот* и тоа се:

- Сведочењето (шехадет)
- Молитва (намаз)
- Зеќат
- Исламски пост
- Аџилак

## Шехадет

**Шехадет** (сведочење) – основното начело на исламот се наоѓа во шехадетот (две сведоштва) „нема друго божество достојно за обожување освен Алах и Мухамед кој е Божјиот пратеник„. Шехадетот е клуч за да се биде дел од исламската вера. Секој кој навистина верува во овие зборови се вбројува како муслиман. Меѓутоа, од практични причини за оние кои се конвертираат од друга религија или од неверство го прифаќаат исламот, мора да ги изрецитираат овие зборови во присуство на два сведока од машки пол или едно машко и две од женски пол за да се смета како муслиман од страна на другите членови на општеството.

Намаз



**Намаз** (молитва) – после првиот чекор на влегување во исламскиот систем најважен составен елемент на верувањето на еден муслиман е намазот кој е задолжителен за сите муслимани кои се полнолетни и свесни (немаат психички недостатоци), задолжителен е и за оние кои имаат физички недостатоци, но тие имаат олеснувања одредени според Куранот.

Како што рековме, секој муслиман и муслиманка должни се, секој ден во текот на 24 часа, петпати да ги клањаат пропишаните намази, од кои секој има свое засебно време.

Така, секој муслиман, во текот на работата и одморот, е опфатен со мислите за намазот, кој го поврзува духовното со неговиот Створител (Создавач).

А тоа ја јакне во него моралната сила и му го зацврстува *иманот* во срцето.

Тие пет дневни намази се: сабах, пладне, икиндија, акшам и јација.



Зеќат

**Зеќат** е третиот битен елемент на верувањето. Зеќатот се поврзува со богатството на муслиманите. Сите муслимани кои имаат определено богатство (над основното за живот) се задолжуваат да делат дел (дел од 2,5% на крајот на годината) од своето богатство за сиромасите. Ако државата е организирана како Исламска Држава, тогаш зеќатот го собира и го дели државата.

Зеќат се должни да дадат оние муслимани и муслиманки, чиј имот изнесува колку еден *нисáб* во злато или сребро. Оваа вредност треба да биде во посед на обврзникот целата година, или барем да се најде во неговиот посед на почетокот и на крајот на годината.

Во *нисáб* се вбројуваат: злато, сребро, пари, трговска стока, разни накити (освен бисери и добиток кој се храни на пасишта повеќе од шест месеца).

Меѓутоа, во *нисáб* не се вбројува имотот кој му служи на обврзникот за своите основни потреби, како на пример: куќа за станување со потребен намештај, запрежна стока, зиратна земја, разни алати за обработка на земјата, потоа алат за извршување занаетчиски услуги, стручни книги и сл.

Зеќат обично се дава во Рамазан, оти тогаш човечките срца се најмеки и најдарежливи. Меѓутоа, зеќат не може да му се даде на својот брачен другар ниту на роднините од нагорна и надолна линија, оти должни се едните да ги издржуваат другите.

Со намената на зеќатот или неговото давање се постигнува следново:

- муслиманите ја помагаат сиромаштијата и така стекнуваат задоволство и Господова милост;
- го чистат срцето од скржавост и се навикнуваат на дарежливост;
- го чистат својот имот од туѓ хак;
- ја помагаат исламската заедница и со дело покажуваат дека водат сметка за нејзините потреби.

Во таа смисла Мухамед алејхиселам вели:

„Нема место меѓу нас за оној кој не се грижи за потребите на својата заедница“.

## Пост

**Пост** - верски пост во месецот Рамазан. За овој месец постењето е задолжително за сите муслимани кои се полнолетни и за сите кои имаат здравствена можност. За оние кои немаат можност го дополнуваат подоцна или ако се стари го надоместуваат со давање на сиромаси.

**Да се пости**, значи: да се воздржуваме од јадење, пиење, пушење, сексуално уживање и останатите телесни потреби и тоа од зората, па сè до зајдисонце.

**Фарз** е во Рамазан да пости секој полнолетен, паметен и здрав муслиман и муслиманка.

Меѓутоа, има случаи кога поединечни лица не мораат да постат во Рамазан иако ги исполнуваат наведените услови. Тоа се: потешки болни, патници, трудници, како и жени кои дојат деца, ако постот им штети на здравјето. Овие лица ќе **постат** ден за ден, кога за тоа ќе им се даде можност.

Сосема остарени старци и старици, болни кај кои нема изглед за оздравување, не мораат да ги напостуваат пропуштените денови од постот, туку за секој ден ќе поделат *фидија*, ако материјалните услови им го дозволуваат тоа. *Фидија* е еднодневна храна за едно лице.

Јадењето, пиењето, пушењето и полното општење, го расипуваат постот. Меѓутоа, ако оној кој пости нешто изеде од заборав, постот нема да му биде расипан, ако веднаш престане да го прави, штом ќе се сети дека пости, или некој ќе му укаже на тоа. Но, ако е свесен дека пости, па случајно, не сакајќи, проголта малку вода за време на земање абдест или гусул, постот ќе му биде расипан, па ќе мора да го напости тој ден.

Кој свесно и намерно ќе се омрси, без оправдана причина, мора да го напости тој ден, и уште како казна, 60 (шеесет) дена непрекинато да пости. Во случај да не може толку денови непрекинато да пости, ќе подели за секој ден по една фидија. Ова се вика **кефа́рет**. Доволен е еден кефа́рет за повеќе прекршоци.

Аџилак




**Аџилакот** – е петтиот и последниот столб на исламот и е задолжителен за сите муслимани кои имаат богатство да го посетуваат Каба во определеното време за молење за аџилак, додека пак ако Каба се посетува во текот на друг дел од годината, во исламот тоа се вика умре. Аџилакот не е задолжителен за оние кои немаат свое богатство. Во случај жената да има свое богатство, а мажот да нема, тогаш жената се задолжува, а мажот не.

*Аџилакот* или *Хаџот* се смета за сеисламски конгрес, на кој се доаѓа по Господов повик. Тоа е најповолна прилика муслиманите меѓусебно да се

запознаат, да искористат искуства едни од други и да си пружат помош едни на други. Освен тоа, тука на Хаџ, најмногу доаѓа до израз исламското сфаќање на братството и еднаквоста меѓу луѓето, оти сите аџии се облечени исто и се поврзани во мислите, а сите дошле со иста цел: да се јават на Алаховиот повик и да го стекнат Неговото задоволство.

Секој муслиман и муслиманка, треба да сака и да настојува да обави Хаџ. Оној што ќе одлучи да го направи тоа, треба пред поаѓање на пат да го обезбеди своето семејство и да го снабди со животните потреби, да ги исплати своите долгови кон другите ако ги има, да се прости со оние на кои им нанесол некаква неправда, искрено да се покае за своите гревови и да одлучи, дека во иднина ќе оди по прав пат и дека ќе води сметка за своите должности кон Господ, кон себе, кон својата заедница и кон другите луѓе.



# Етичкото учење на исламот

Исламот е етичка религија. Во неа верските ставови имаат и етичко значење, а етиката е многу важна за поставките, однесувањето и за оценувањето на верниците. Во животот и во верата, муслиманите непосредно се придржуваат кон зборовите и смислата на Куранот, како и кон записите за мислењето и за начинот на дејствување на Пророкот Мухамед. Според исламот, секој човек е обврзан да следи ист морален закон. За исламската етика најважни се ставовите во Куранот. Основа се искажувањата за односот меѓу Господ и луѓето. Бог ги создал светот, животот и човекот, Бог ја одделува вистината од невистината, а истовремено ја определува и содржината на доброто и злото. Луѓето треба да ги извршуваат Божјите заповеди и забрани.

## Основи на исламскиот морал

Голем број исламски етичари стојат на становиштето (мислењето) дека куранскиот ајет:

е најсодржински морален исламски текст кој во превод значи:

„Навистина Алах ви наредува правда (праведност), добродетелство и помагање на своите блиски, а ви забранува лоши работи, со шеријат забранети работи и насилство. Ве советува да се опаметите“.

Во овој релативно краток ајет Алах наредува три и збаранува три работи:

а) општо изедначување меѓу луѓето во правата и воспоставување еднаквост меѓу сите луѓе;

б) добротворство, - за направеното добро дело да возвратиме со подобро, а лошото да го простиме;

в) роднините да се помагаат;

г) да не се прави лошо;

д) да не се прават дела забранети по шеријатот;

ѓ) да не се врши насилство.

Човекот е, како што рековме во горенаведеното, општествено суштество и е член на пошироката општествена заедница.

Моралот има важно место во учењето на исламот. Една од основните цели на исламот е да изгради кај муслиманите здрав и чист морал. Според исламот, убавото воспитување претставува украс на човековата душа. Кој е убаво воспитан, секаде е убаво примен, оти нема такво општество кое убавото однесување ќе го осуди. Затоа, првата грижа за муслиманите треба да биде доброто воспитание. Бидејќи, кој во детството убаво ќе се воспита, тој во животот посигурно е дека ќе биде среќен.

Исламското морално учење може да се подели на три групи вредности и тоа:

- должности кон Бога,
- должности кон самите себе и
- должности кон другите.

Главни должности кон Алах се следниве: цврсто да се верува, да се сака и да се почитува Алах; редовно да се извршуваат сите верски должности; секој верник да се запази од она што Алах го забранил; верникот постојано да му се заблагодарува на Алах за сите добрини кои ги има и да се кае за грешките кои ги прави во животот, молејќи се на Алах да му бидат простени.

Најважни должности на муслиманот кон себеси се: да го чува своето здравје; да работи чесно и да не биде мрзелив; да изучува корисни науки и занаети и да настојува да биде примерен муслимански верник.

Секој добар муслиман треба да се грижи и за другите луѓе. На прво место е грижата за своето семејство, потоа грижата за роднините, соседите,

постарите и воопшто за сите луѓе, а особено за сиромасите и оние на кои им е потребна помош.

Исламот учи дека муслиманите треба да се ослободат од сите лоши особини, какви што се: омразата, арогантноста, зависта, дволичноста. Од друга страна, потребно е да се негува чувството на љубов и почит кон другите луѓе.

Моралното исламско учење им заповеда на муслиманите да го посакуваат за својот брат тоа што го посакуваат за себеси. Тоа е особина на добриот верник.

Според исламското учење, треба да се работи за сè што е добро и што е од лична и општествена корист.

Во исламот постојат некои забранети дела, како на пример:

- лаги;
- неморал;
- крадење;
- консумирање, продавање и служење алкохол и наркотици;
- консумирање свинско месо;
- навредување на родителите, непочитување и негрижа кон нив;
- убивање на невин човек;
- самоубиство, итн.

Етика во семејството



Семејството е првото гнездо каде што човекот го добива воспитанието, па затоа таму треба да доминира разбирање како меѓу родителите, така и меѓу децата. Родителите треба да се почитуваат меѓусебно, бидејќи нивното однесување се пренесува на децата. Децата треба да бидат воспитувани да се почитуваат меѓусебно. Децата треба да ги сакаат и почитуваат своите родители и да им помагаат. Кон родителите да бидат благи, внимателни, послушни и благородни. Да ги негуваат ако се болни и да ги издржуваат ако се сиромашни.

Исламскиот верник е должен да ги почитува и своите роднини. Да се грижи за нив и да им помага. Дури и кога роднините живеат далеку, потребно е повремено да се посетуваат. Доколку роднините се скараат, треба да се настојува да се смират.



Етика на училиште

Доколку знаењето најмногу се бара на училиште, тогаш таму треба да доминира атмосферата на почитување и разбирање, како меѓу учениците од двата пола, така и во односот ученик-наставник и наставник-наставник.

## Етички правила за однесување кон соседите

Со исламската етика е пропишано, како должност на секој муслиман, да развива добри односи со соседите. Муслиманите треба да бидат во добри односи со сите соседи без разлика на која вера или нација тие и припаѓаат. Должност на соседите е меѓусебно да се посетуваат, да си укажуваат помош кога има потреба и да не се вознемируваат со зборови и со лоши постапки.

За да се објасни должноста на муслиманите кон соседите може да послужи и следниов пример од времето на Мухамед: „Во тоа време живеела некоја побожна жена во околината на пратеникот, која секогаш постела, а ноќта ја поминувала во молитва. Но, била со лош нарав - навредувала и вознемирувала. Кога за нејзиниот случај го известиле Мухамед, тој рекол дека таа жена нема никакви добра пред Бога“. Се толкува дека пратеникот вака рекол, бидејќи жената со своите постапки кон соседите ги изгубила заработените благослови со пост и со молитва.

Колкаво внимание треба да им обрнуваат муслиманите на соседите, како пример, послужуваат и запишаните зборови лично од Мухамед: „Не е вистински муслиман оној кој ќе легне да спие сит, а знае дека неговиот сосед е гладен!“

Кон соседите, муслиманите се посебно должни:

- редовно да ги поздравуваат;
- да им помагаат и да ги посетуваат во радост и во жалост;
- да не ги навредуваат, а ако се скарани да се смират што побрзо и
- да ја чуваат честа и имотот на соседите.

Етика на пат и на други места

Според исламското учење, верникот каде и да се наоѓа, треба да покаже добро воспитание. За време на средбите на пат или на други места, треба да се поздравува со сите луѓе, без разлика на верата, полот или нацијата.

Врз основа на тоа дека сите луѓе се создадени од Бога, тогаш сите треба да се почитуваат меѓусебно. Само со меѓусебна почит можат да се создадат услови за соживот.

Накратко, исламот учи дека човекот каде и да се наоѓа, тој со своето однесување мора да покаже дека има основни и високи вредности.



Моралните особини на пророкот Мухамед




Мухамед живеел скромно и едноставно. Ѕидовите на неговата куќа биле направени од кал, а покривот од урмино лисје. Спиел на кожен душек исполнет со лисја. Најчесто се хранел со урми и млеко, а секогаш кога ќе имал месо за ручек во својата куќа, Мухамед го делел со своите соседи. Внимавал и на чистотата. Рацете ги миел пред и по јадење, а во една прилика рекол: „Чистотата е половина вера!“ Се облекувал едноставно. На себе имал кошула и наметка. Често зборувал: „На Бога му е драго, а на луѓето им е пријатно човек да доаѓа во друштво чист и пристојно облечен“. Како што се грижел за здравјето, така не ја запоставувал ни телесната сила. Особено го сакал трчањето и честопати се натпреварувал со својата жена во трчање.

Во домашните работи ревносно помагал: палел оган, го чистел подот, ги молзел козите, ја крпел својата облека и ги поправал своите обувки.

Никогаш не се двоумел дали да и помогне на својата жена во која било работа.

Мухамед бил забележително доверлив и чесен. И пред да стане пратеник го викале „Ел-Емин“ (доверлив). Како трговец, кога продавал стока, доколку таа имала некој недостаток, тој за тоа ќе го предупредел купецот пред да почнат да се пазарат за цената. Благодарноста, исто така, била негова карактеристика. Никогаш не ја заборавал услугата која некој ќе му ја направел. Во очите на Мухамед сите муслимани биле еднакви. Како што ги почитувал своите пријатели и другари, така со почит се однесувал и кон своите слуги. Болните редовно ги посетувал без оглед дали тие биле муслимани или не. Мухамед ги сакал добрите шеги кои никого не навредуваат. Многу ги сакал и своите соседи. Секогаш кога ќе имал добар ручек им испраќал на соседите. На старите вдовици им помагал, наместо нив одел да пазарува. Во една прилика рекол: „Не е вистински верник оној кој не се однесува добро со своите соседи!“ Скромноста, исто така, му била прекрасна одлика. Кога доаѓал на некој собор, не им дозволувал на луѓето да станат за тој да седне на подобро место, туку седнувал таму каде што имало празно место.



# Етичките норми на исламот

Исламската етика е сконцентрирана околу неколку начела:

Бог е Создавач и Извор на сета добрина, вистина и убавина.

Човекот е одговорен, достоен и чесен застапник на својот Творец.

Сè на небото и на земјата Бог го става во служба на човештвото.

Бог е милостив и мудар, Бог не очекува човекот да прави нешто невозможно и не бара сметка од него за она што ги надминува човековите сили, Бог не им забранува на луѓето да уживаат во добрините на животот.

Скромноста, практичноста и умереноста на луѓето се гаранција за високиот квалитет на моралноста.

Оние нешта кои се задолжителни треба да се извршуваат, а оние кои се забранети не треба да се прават.

Човекот во крајна смисла е одговорен пред Бога и неговата највисока цел е да го задоволи Бога кој е краен судија за сите човечки постапки.





Во времето на пророкот Мухамед, неговите сонародници - Арапите, обожувале идоли. Кабата во Мека бил центар на таквото обожување и во неа се наоѓале повеќе од 360 кипови и идоли. Пратеникот ги учел луѓето дека постои само еден Бог. На Нему ништо не му е слично. Сè во Универзумот е создадено од неговата моќ. Мухамед ја исчистил Кабата од идолите и ја направил центар за обожување на еднiот Бог.

Пред Мухамед, арапските племиња воделе борби за најобични работи. Разбојништвото било речиси секојдневно, а за добра одлика се сметало нанесување на непријатност на некои од скараните племиња. Пратеникот ставил крај на тие судири и војни и ги обединил сите племиња во еден народ - исламско братство така што сите имале исти права и обврски. Имотот на секој човек бил свет, како и животот, и никој не смеел да го допре без дозвола од сопственикот. Војната била дозволена само ако била во прашање заштита на човековите права. Владеел мир, а зборот за поздрав бил МИР (селам).

Во тоа време, слабите и сиромашните биле зависни од милосрдието на богатите, а моќните многу малку знаеле за зборот милост. Мухамед ги научил богатите на само да даваат милостина на сиромашните, туку и да им овозможат да ја поправат својата положба. Независно од другите помагања, исламот вовел задолжително давање од 2,5% на приходот (зеќат), кое одело во државната каса, а оттаму главно им се делело на сиромасите.

Кон сираците се постапувало многу лошо, а нивните имоти биле одземани. Пратеникот ги заплашил нивните старатели со големи казни, а ветил и големи награди за оние коишто се борат за правата на сираците.

Луѓето во Арабија ги пиеле алкохолните пијалоци речиси како вода. Мухамед сосема ја забранил употребата на алкохолот за да ги спаси луѓето од можните последици. И денес добрите муслимани во целиот свет не пијат алкохол, бидејќи Куранот тоа најдиректно го забранува.

Пред Мухамед, Арабија била во длабоко незнаење. Тој ги дарувал луѓето со голема желба за наука, зборувајќи им: „Учењето е верска должност за секој муслиман и муслиманка!“ или „Еден час размислување за Создателот е подобро отколку седумдесет години молитва!“ Инспирирани од ваквите поуки, првите муслимани учеле грижливо, се грижеле за сиромашните, за жените и за децата, а особено за сираците. Така тие внимавале да се однесуваат онака како што им налага муслиманската вера.

Веќе рековме дека човекот е општествено суштество и е член на поширока општествена заедница. Неговото живеење во општеството му наметнува и права и должности кои ќе ги вреднуваат човечките односи во однос на тоа колку се тие морални или аморални.

Затоа, ако ги земаме како мото на исламскиот морал овие три наредби, односно забрани во нивното пошироко значење, исламското наравоучение можеме да го поделиме во три групи на должности, и тоа:

I - Должност кон Господ

II - Должност кон самиот себе

III - Должност кон другите луѓе

## Должности кон Господ

1) Цврсто да веруваме, да се сака и над сè да се почитува Семожниот, Алах;

2) Редовно да се извршуваат сите верски должности поврзани со нашето верување;

3) Да се чуваме (оттргнуваме) од сè она што Алах го забранил и да се бориме за она што Алах го направил;

4) Секогаш на Алах да му се заблагодариме на Неговите благодети во кои уживаме;

5) Да се каеме за евентуално направени гревови (со мисли, со зборови и со дела), молејќи го Алах да ни ги прости.

## Должности кон себеси

Како што исламот им укажал на муслиманите на нивните должности и обврски кон Господ Алах, во низата курански ајети, Мухамед во бројните хадиси, им укажал на муслиманите и на нивните должности кон себе. Исламот предвидел исламскиот верник да биде здрава општествена единка, здрав член на човечката заедница. А за да биде таков, исламот му одредил профил каков што треба да има. Затоа исламското учење предвидува својот следбеник да го оспособи да може да одговори на својот позив и да го подготви за возвишени задачи.

Пред сè, исламот бара од својот верник и припадник да биде физички и душевно здрав, оти стара е мудроста дека има „здрав разум во здраво тело“. Муслиманот мора да биде урамнотежен помеѓу духот и материјата,

но да „не го заборави и својот влог на овој свет". Тој според верските прописи е задолжен да го уреди својот живот, така што ќе биде способен да ја изврши својата задача која Господ му ја наредил како на свој намесник на Земјата.

Тешко е да се набројат сите должности кои исламскиот верник мора да ги врши кон себеси, но сепак, животот и здравјето се неговите најдрагоцени дарови дадени од Семожниот Алах. Затоа муслиманите се должни да ги чуваат колку што е можно повеќе. Ако некој бескорисно и намерно го нарушува своето здравје и го загрозува својот живот, со тоа прави голем грев. Ист е случајот и со душевното здравје. Во Куранот строго стои: „Не убивајте се самите себе!", па затоа и очигледно е дека многу верски прописи одат кон тоа да го сочуваат здравјето на верникот.

Од сето ова произлегува дека муслиманот е должен да го чува својот живот и здравје од сите штетни влијанија, како на пример, од прекумерно јадење и пиење, од нечистотија и од забранети јадења и пиења. Исламот забранил да се јаде свинско месо и маст, нивните преработки, месо од пцовисано животно или крв и да се употребуваат опојни пијалоци. Ваквата забрана следувала бидејќи тоа јадење и пиење му нанесува штета на човечкиот организам и создава опасност за човековото здравје. Мухамед со право рекол дека алкохолот е мајка на сите зла (Умул-хабис). Докажано е дека потомците на алкохоличарите во своите вени носат лоши последици на својот предок алкохоличар.

Исламот и посветил посебно внимание на чистотијата и тоа не само на чистотијата на телото, туку и на чистотијата на душата. Во Куранот е речено дека Алах ги сака оние кои често се кријат и кои се чистат. А Мухамед вели дека чистотијата е составен дел на верата што значи дека истата на верникот, треба да биде и духовна и телесна. Исламот со заповеден чин им ставил во должност на муслиманите да го одржуваат чисто телото, облеката, домот и работните простории во кои се задржуваат, како и својата околина во која живеат и работат. Пред стапување во намаз, муслиманите се должни да земат абдест, што значи секој ден петпати да ги

мијат оние делови на телото кои се најповеќе изложени на нечистотија. Со цел да се одржува чистотијата и заштитата на телото од разни заболувања, во исламот е препорачано обрежување на малолетните машки деца (сунет). Се смета дека на овој начин се намалува ризикот од полни болести, а посебно од рак кој денес пустоши во светот.

Од сево ова гледаме дека исламот му посветил големо внимание на физичкото и психичкото здравје, за да го подготви и оспособи верникот за овоземските активности од кои зависи човечката среќа и и благосостојба.

Според исламското учење работата се смета за *ибадет* (молитва и обред), зашто му донесува на човекот спас и независност од другите луѓе. Освен тоа со работата се навикнуваме на совладување на себеси, стануваме поиздржливи, па полесно ги поднесуваме неволјите и тешкотиите со кои секојдневно се сретнуваме во животот. Исламот всушност, ги задолжува муслиманите да се занимаваат само со чесна работа и само на тој начин да осигураат за себе средства за живот. Од исламската историја познато е дека и Господовите пратеници работеле, имале свои занаети и занимања. Затоа Мухамед рекол дека најдобра е онаа издршка која е резултат на сопствените раце. Исто така, исламот бара од своите следбеници да работат и да заработуваат повеќе од личните потреби и потребите на оние кои се должни да ги издржуваат, за да можат да му притекнат на помош на несреќниот, сиромашниот, на својот сосед, на својата верска заедница, на својата татковина. Но, сосема разбирливо е дека работата сепак треба да биде во оние граници кои не смеат да му нанесат штета на здравјето на човекот. Водејќи сметка дека исламот ја изедначил работата со ибадетот, речиси ја направил света, муслиманот е должен да ја искористи секоја можност за работа, но исто така со својот вишок од работата треба да направи добро дело.

Без вера и наука нема среќа и благосостојба. Токму затоа Алах, објавувајќи им го на луѓето Куранот, го одбрал првиот збор, првиот ајет кој се однесува на науката и изучувањето кога рекол: „Учи, во име на твојот Господар“. Тоа бил најголемиот поттик за муслиманите да изучуваат, да се

облагородуваат. Повеќепати во Куранот е речено дека не се исти оние кои знаат и оние кои не знаат, а Мухамед рекол дека образованието, барањето науки, е должност на секој муслиман и муслиманка.

За значењето на науката во исламот, а посебно за основното описменување преку кое се доаѓа до наука, може да ни послужи како пример настанот со заробениците по битката на Бедр. Сите заробеници кои биле писмени, Мухамед ги ослободил штом описмениле по десет муслимани или муслиманки. Затоа, во исламот неучен и неписмен човек не може да биде ни добар верник. Муслиманите се должни, во прв ред, да ги научат правилата на исламското верување, потоа правилата за исламските должности и однесувања. Тоа е така зашто науката за верата дава одговор на она вечно прашање кое му се поставува на секој човек во животот: од каде сме дојдени и каде одиме? Според исламот, секој е должен да се оспособи барем за едно занимање со кое ќе си обезбеди средства за живот. Не е доволно само да се стекне знаење, туку треба според знаењето да се работи и да се постапува во одредени ситуации. Непримenetото знаење е како и неплодна овошка зашто исламот заговара таканаречено активно знаење. Такво знаење, здружено со позитивните особини и примерното воспитување, остварува среќна човекова заедница.

Исламот посебно нагласил дека стекнатата заработка и имотот мораат да бидат дозволена заработка по шеријатските и законските норми. Муслиманот не смее да стекнува имот надвор од овие норми зашто таков имот не е алал и кога-тогаш ќе биде отуѓен или ќе биде повод за несреќа и зло. Муслимански имот не смее да биде резултат на туѓа пот ниту на експлоатација на човекот од страна на друг човек, особено од злоупотреба на малолетници. Од ова произлегува дека исламот како поглед на животот, ја воздигнал работата на ниво на светост, а дека тоа е оправдано, се гледа од историјата на човечкиот род.

Целта на исламското воспитување поаѓа од тоа да го оплемени човекот, да го одвои од животните нагони кои се понекогаш во него, се разбудуваат и разгоруваат. Исламскиот ахлак поаѓа од тоа дека верникот

мора да владее со своите нагони и да ги сведе во рамките на човечноста и нормативите кои се одмерени и дефинирани со верата. А тоа во исламот ќе се постигне со цела лепеза од средства меѓу кои особено се истакнува проширувањето на сопствениот, личен спознаен видик. Исламски добро образован муслиман, ќе ја образува својата совест која ќе биде пресуден фактор во многу негови постапки. Според исламот, добар верник може да биде само оној кој поседува висока свест, самоконтрола која ќе го дисциплинира и поттикнува само на човечки и добри дела. Свесен муслиман, во случаи и кога нема овосветски награди како поттик на чин, знае дека го очекува оносветската награда или казна. Искрен верник во исламот, свесен за Алаховата казна тешко може да изврши злосторство. Токму затоа, во исламот, од верниците се бара  да поднесат многу големи напори и да ја вклучат сета своја волја, тој сопствен чувар на редот, својата СВЕСТ, внимателно да ја воспитаат, чуваат и јакнат. Свеста за муслиманите е најсовршен закон и таа е најдрагоценото нешто што човек може да го има. Не се исклучува ретката можност и свеста да погреши, но во такви случаи, ним им преостанува оправдувањето дека работеле со добра намера. Буден верник ќе води сметка неговата свест да биде внимателно негувана и во постојан подем зашто во текот на животот, ќе биде често изложувана на напади. Но, ако свеста во основа е формирана уште во домот, во верското и училишното воспитување, тогаш таа нема да има големи промашувања.

За да се подигне некоја градба, потребно е да се изработи претходен план кој ќе го обликува нејзиниот изглед. Така на пример, Куран Хадис „планирал“ како треба да изгледа исламски верник. Тие го одредиле неговиот облик и форма, а Господовиот пратеник детално го опишал и со дело покажал како треба да изгледа таков човек. Исламот точно го зацртал патот по кој треба да се движи неговиот верник, муслиман. Така, темелите на убавото воспитување се: праведност, сожалување, дарежливост, трпеливост, искреност, умереност, чистотија на душата, благост, чесност, верност и други својства. Исто така, муслиманите се должни од својата душа, од своите обичаи, да ги отстранат грдите и неубави својства кои ја валкаат човечката чест и достоинство, како што се: омразата,

завидливоста, лутењето, озборувањето на другите, лагата, лицемерството, неправдата, скржавоста, љубомората, плашливоста и сл.

## Должности кон другите

Семејството е основна клетка на општествената заедница. Од таа основна ќелија зависи и широката заедница, оти ако клетката е здрава, чесна, вредна и благодарна, тогаш таква ќе биде и широката, општествена заедница.

Според исламското учење, муслиманот е должен да заснова семејство ако се најдат потребни услови. Кога се засновува семејството, потребно е да се склучи договор за венчавање според шеријатските прописи.

Исламот посебно внимание и посветил на брачната врска и востановил правила врз чија основа се одржува исламскиот брак. Шеријатското право до деталност ја разработило оваа материја и дало скелет на здравата брачна заедница. Оттаму со стапување во брак, неговите актери, брачните другари, преземаат извесни права и задолженија кон кои мораат да се придржуваат. Тие накратко можат да се резимираат на вака:

1) меѓусебно да се чуваат, сакаат и почитуваат;

2) да ја чуваат брачната верност;

3) меѓусебно да се помагаат и наследуваат;

4) мажот е должен пристојно да ја издржува својата жена;

5) жената е должна да го слуша мажот за сè што не е грев и да ја чува честа и имотот на мажот.

Родителите како најодговорни за физичкиот и духовниот развој на своите деца, најповикани се да се грижат за нив. Од родителот претежно, зависи какви ќе бидат децата зашто колку и да влијаат други фактори на одгледувањето на детето, факт е дека родителскиот, куќен фактор, е

пресуден и најјак. И, како што вели Мухамед, децата се Господов аманет на чување кај родителите и разбирливо е дека тие ќе бидат одговорни ако го изневерат нивниот доверен аманет.

За родителите да ги извршат своите задолженија кон сопствените деца, треба да ги задоволат следниве должности:

1) да ги да ги одгледаат телесно здрави и духовно крепки;

2) да ги научат на основните исламски правила; да ги навикнат на вршење на исламските обреди и прописи за да ги усвојат како свој поглед на животот;

3) да им обезбедат егзистенција, било со образование или со занает;

4) кога ќе станат полнолетни, да им помогнат да засноваат сопствен семеен живот.

Родителите се посредна причина за доаѓање на децата на овој свет. Тие, затоа и први ќе притекнат на помош на штотуку родените и слабички деца, а подоцна за нив ќе се грижат: ќе ги хранат, ќе ги учат и ќе ги одгледуваат. Тие, денови и години ќе пробдеат над нив, жртвувајќи за нив сè што имаат: здравје, имот и својот комодитет. Посебно мајката е приврзана кон детето.

Заради тоа, муслиманските деца должни се кон своите родители да бидат внимателни и во текот на животот, да им возвратат барем дел од онаа љубов која тие ја искажуваат кон нив. Според исламските правила тие би требало во односот кон родителите, со задоволство да ги извршуваат следниве дожности:

1) да ги сакаат, да ги почитуваат и да им помагаат;

2) да бидат благи, внимателни, послушни и благодарни кон нив;

3) да ги негуваат ако се болни, да ги издржуваат ако се сиромашни;

4) своите мртви родители да ги споменуваат со почит и да молат за нив Алах да им ги прости гревовите, па и да поделат милостина за нив.

Исламот во своите прописи опфатил многу социјални моменти на човековиот живот, па по редослед на приоритетноста, роднините ги ставил

веднаш по потесното семејство. Затоа исламскиот верник е должен да ги почитува своите роднини, да внимава на нив и да ги помага. Па, ако некој роднина им е во тешка состојба, беда или несреќа, должен е да му притекне на помош. Потребно е роднините, макар и да живеат далеку од него, повремено да го посетуваат.

Се случува и тоа роднините да се скараат. Во такви случаи треба да се настојува скараните да се смират зашто таква состојба кон еден хадис, не смее да трае подолго од три дена. Голем севап е да се биде посредник во помирувањето на скараните.

Мора да се признае дека исламското друштво, во поглед на одржување на врските со подалечните роднини, се одродило, па таа убава традиција е занемарена. Полека се губи од вид дека е хумано да се одгледуваат тие човечки алки кои ги поврзуваат луѓето кои треба да се посетуваат и помагаат меѓусебно.

Исламската заедница ја сочинуваат исламските верници. Во неа тие ја манифестираат својата верска припадност, ги вршат верските обреди и материјално и морално ја помагаат својата верска заедница. Должност на секој муслиман е братски да го чува и сака другиот и да му помага. Со тоа ја зајакнува својата исламска заедница.



# Исламско воспитување (ахлак)

Куранското учење, како и Мухамедовите алејхиселам хадиси, укажуваат на тоа дека во човечкиот живот постојат два патишта, две насоки на движење: еден е оној општочовечкиот, човекољубивиот, а другиот е себичниот и нечовечкиот. Алах го создал човекот така што му дал можност во својот живот да може да го усвои и примени и едниот и другиот начин. Тој му дал способности во себе да ги развие и добрите и лошите особини; и оние со кои ќе биде на правиот, Алахов пат, и оние за кои ќе одговара на Судниот ден. И, впрочем, тоа е човековата способност - да прави добро или зло - причина поради која ќе биде одговорен пред Алах што избрал еден или друг пат во својот живот, поради што ќе биде нграден или казнет.

Убавото воспитување претставува украс на човечката душа. И претходно го споменавме ова. Кој е убаво воспитан, секаде ќе биде убаво примен. Во таа смисла Алах во Куранот вели: „Луѓе, Вистината ви доаѓа од вашиот Господар, и оној кој ќе се упати на правиот пат - се упатил за свое добро, а оној кој тргнал по странпатица, тргнал на своја штета, а Јас не сум ваш застапник“ (Сура Јунус, ајет 108).

## Зошто е потребно добро воспитување?

Значењето на убавото воспитување го одредува неговата цел. А ако имаме во предвид дека целта на исламскиот ахлак е да ги поучи луѓето како, согласно со исламското учење, ќе го оформат својот живот за да бидат среќни, - има ли, тогаш, повозвишена цел од оваа? Затоа сите Господови пратеници, а посебно последниот Господов пратеник Мухамед во своето подучување на ахлак ќе му даде едно од првите места и задачи на своето пратеништво, па ќе ја изрече и својата позната изрека: „Испратен

сум да ги усовршам благородните карактери“, а Господ опишувајќи го својот пејгамбер како пример на кој треба да се угледаат луѓето, за него вели: „Ти си, Мухамеде мошне високо морален“.

Сè што ќе направи човек на овој свет може да се вреднува: без разлика дали целта на чинот е добро или зло. Кој постојано и вистински верува во Алах мора да прави добри дела. Вистинското верување е неодвоиво од добрите дела. Таков верник живее чист и благороден живот. Негова спротивност е човек кој прави зло. За првиот човек велиме дека е морален, а за вториот дека е неморален.

Значи, целта на Господовата објава и Мухамедовото пратеништво е од човекот како општествена единка, да направат корисен член на заедницата чија свест ќе биде така висока што на другиот човек секогаш ќе му посакува добро, како и на самиот себеси. Со други зборови, потребен е како норматив и меропокажувач за човечките односи, за на земјата да владеат братство, мир и човекољубивост.

## Фактори кои влијаат врз обликување на ахлакот

Етичарите и останатите научници кои го почитувале човекот и неговото однесување низ историјата, заклучиле дека врз човечкото воспитување, посредно или непосредно, влијаат разни фактори. Современата наука ги побила поранешните уверувања дека новороденчето е грутка тесто од кое сликарот ќе нацрта слика каква што тој сака, или дека новороденчето е бела плоча (табула раза на латински), на која одново сè се пишува. Исто така, не е точно дека некои лоши наследни особини не можат да се менуваат. Значи, вистината е некаде на средината: новороденчето со

себе носи извесни склоности и навики (гени), а некои ќе се стекнат (здобијат) или ќе се променат во текот на животот и воспитувањето.

Ваква научна поставка потврдува и куранското учење, како и хадисите на последниот Господов пратеник зашто очигледно е дека Алах човекот го прави одговорен заради неговата слободна волја и делата кои потекнуваат од човекот. Исламското учење стои на ставот дека пред човекот и неговиот разум има два патишта и дека човекот решава по кој пат ќе се движи. Во таа смисла Куранот вели: „Ние му укажуваме на правиот пат, а негово е дали ќе биде благодарен или неблагодарен“ (Сура Ед-Дехр, ајет 2).

Значи, создавајќи го човекот со сите негови особини и можности тие да се менуваат, Алах укажува на тоа дека човекот е способен да се упати во една или во друга насока: добра или лоша. Заради тие негови способности своеволно да се упати по самостојно избран пат, Алах, според исламското учење, го прави одговорен на овој и на идниот свет и зависно од неговото дејствување, го наградува или го казнува.

Со оглед на тоа дека моралот (ахлакот) е дисциплина стара колку и самиот човек, таа станала составен дел на човечкиот живот зашто ахлакот не е ништо друго, туку правила на човечкото однесување. Оттаму ахлакот и бил и останува една од најзначајните и најнабљудуваните човечки научни дисциплини, па нејзините норми ќе ги најдеме во пишаните и непишаните човечки закони и обичаи.

Со оглед на тоа дека за човечката среќа и нејзиното остварување основно е како ќе бидат воспоставени човечките односи, човекот настојувал да ги воспостави и забележи законитостите врз кои почива човечкиот морал. Затоа, пред сè, ќе се обидеме да ги наведеме главните фактори кои делуваат на обликувањето и формирањето на човечкиорт род.

а) Човековата природа

Познато е дека човекот со доаѓање на овој свет, донесува во својот состав и одредени склоности (гени), кои новороденчето ги наследило од своите родители. Такви наследувања условуваат и одредени морално-етички определености кои подоцна, под влијание на воспитувањето, можат да бидат ублажени или искоренети, засилени или новосоздадени. Куранот, зборувајќи за природата на човекот, честопати укажува на борбата која се одигрува во човекот, борба на доброто и злото. Во поглавјето „Јусуф, ајет 53." се вели: „ ... душата е склона на зло, освен онаа на која мојот Господар ќе и се смилува..." Со овој и други слични ајети, Алах укажува на некои составни делови од кои се состои човековата душа и човечките особини кои можат да се менуваат и да се прават човечки.

Човекот по исламското учење, како разумно суштество и со помош на Господовата објава, задолжен е да се избори за оној другиот пат, патот на доброто и човечноста. Знаеме дека човекот во своето суштество наследува и дел од животинското и дивото, па е должен своите нагони да ги подреди на разумот и да ги пушти толку колку што ќе биде потребно да ги сведе во нормативите на човечкото однесување. Тоа, воедно, би била задачата на ахлакот.

б) Навика

Навиката е многу јак и влијателен фактор во борбата за морал и добро воспитување. Нејзината улога е понекогаш решавачка. Знаеме од искуство дека навиката може да се менува, па оттука произлегува нужноста истата да се употреби како позитивен чинител во воспитувањето.

Внимателен верник мора да воочува и разликува која појава е исламска, а која неисламска, па во таа смисла да развива позитивни обичаи

на исламското секојдневие, а да се сузбиваат оние кои се неисламски. Тоа е така зашто појавата која станува обичај, многу тешко се неутрализира и исклучува од животот и праксата. Затоа Мухамед вели: „ Не е наш оној кој ќе го прифати обичајот што е туѓ за нас!“

Добрата навика треба да се одгледува и негува, а лошата да се избегнува и да се осудува. Добрата навика за да стане наша пракса и своина, мора да се вложува многу волја и напор. Посебно тоа е случај во почетокот. Од нас самите зависи што ќе направиме со својата навика. Навиката може да ја претвори сиромаштијата во изобилство, а изобилството во сиромаштија.

### в) Средина

Научно е докажано дека средината, во која човекот се движи и живее, игра значајна улога во моралното обликување на човекот. И нашата народна поговорка вели: „Со кого си, таков си“. Освен тоа, климатските услови, географското подрачје, општествените движења, културното ниво и другите услови, се фактори кои очигледно ќе се одразат на моралното воспитување на еден човек. Секојдневното доживување на сликата на средината во која живееме, незадржливо ќе се отцртува врз нашето морално однесување и со својата постојаност на гледање или осведочување „ќе се лепи“ на нашето морално обележје. Сликата која ни е на прв поглед чудна и разорна, со текот на времето станува вообичаена и домашна. Или, народно се вели: „ни влегува во крвта“. Затоа, во средината во која живеат муслиманите, со луѓето со кои посебно и долго се дружат, мораат задолжително да им посветуваат внимание. Треба секогаш да имаат доволно сила и верба на една аморална појава за да знаат да и се спротивстават и да ја осудат, а моралните појави да ги поддржат и постојано да ги потенцираат.

г) Волја

Волјата е одлучност човекот нешто да направи или да не направи. Таа е еден од најглавните фактори во подрачјето на моралот. Дали ќе направиме добро или зло, дали ќе истраеме на добриот пат или заради малодушност, или нешто друго, ќе се откажеме од него и ќе потклекнеме - зависи од нас, од нашата волја. Затоа волјата станала многу значаен фактор во воспитувањето и моралните достигнувања. Без волја ништо не се може, а со волјата сѐ се може.

Исламот обрнал посебно внимание на воспитувањето на човековата волја.



# Куран




Муслиманите веруваат дека Куранот е Божја Реч предадена на Мухамед преку Ангелот Габриел на многу наврати меѓу 610 до неговата смрт во 632 год. На Мухамед Куранот му бил објавен на делови. Во тоа време Мухамед не наредил да се собере и да се пишува Куранот на едно место, но ги информирал следбениците за распоредот на деловите. Неговите следбеници ги запомниле овие откровенија и ги запишале на пергаменти, камења и листови. На ваков начин Куранот се чувал сѐ до времето на калифот  Ебу Бекр ес Сиддик, кога Куранот бил собран во една книга (Мусхаф). Во времето на калифот Осман иби Афан, кога за време на војувањето биле изгубени голем број хафизи (луѓе што го знаат Куранот напамет и се знае ланецот од кој човек е учен сѐ до Мухамед, верлив ланец), Куранот бил препишуван во шест нови копии.

Во Османовото собирање, сурите се организирани по должина (освен краткиот вовед во сурата Ел-Фатиха), со тоа што најдолгите сури се на почетокот на Куранот, а најкратките на крајот, како што Бог го одредил

редот на сурите. Подоцнежните научници се обидувале да ги наредат сурите по хронолошки редослед, и меѓу исламските коментатори постои генерален консензус во врска со тоа која сура била објавена во Мека, а која во Медина, со тоа што секоја група се одликува со свои карактеристики. Некои сури (како на пр. Ел-Алек) се смета дека биле откровени на различни места и во различни времиња.

За да се добие претстава за поимот „варијанти" во рамките на применетиот Курански текст, мора да се напомене дека во тоа време пишаниот арапски сè уште не бил доволно развиен. Куранот за првпат бил овековечен во пишана форма со писмата Хиџази, Машк, Маил и Куфик; во овие писма постоеле само согласки, а немало самогласки. Заради разновидноста на усните традиции кај народите кои го прифатиле исламот постоеле несогласувања за тоа како се читаат стиховите без согласки. Подоцна биле создадени писма со дијакритички знаци (познати како точки) за обележување на самогласките. Стотици години по Османовата рецензија, исламските научници се расправале за тоа како се чита Османовиот официјален текст (без точки). На крај се прифатени десет различни варијанти (кираet) на Куранот како канонски, со согласност дека нивните разлики се многу мали и не го менуваат значењето на текстот. Компатибилноста на Куранот на арапски јазик го акцентира законот според кој молитвата во намазот може да се каже само оргинално на арапски, за разлика од другите вонламаски молитви.

Меѓу скептиците Куранот набрзо станал тема на расправија. Во VIII век едни велеле дека Куранот е создаден во рамките на времето и затоа не е вечен, додека пак тие што не се согласувале со тоа тврделе дека Куранот е вечен и совршен бидејќи постоел на небесата пред да му биде предаден на Мухамед. Сунитската теологија сметала дека Куранот бил несоздаден.

Уште од почетокот на верата, муслиманите веруваат дека Куранот е совршен само ако е на арапски. Преводите се резултат на човечки труд и на човечки грешки, а згора на тоа и им недостасува онаа вдахновена поезија во оргиналот. Затоа преводите се само образложенија на Куранот, или

„преводи на неговото значење“, но не самиот Куран. Многу современи печатени верзии на Куранот содржат арапски текст на едната, а друг јазик на другата страна.




Првата сура од Куранот напишана рачно

# Дванаесетте морални правила од Куранот

И покрај Алах друг Бог не означувајте. Ќе останете, тогаш, осудени и отфрлени.

И Господарот твој определи: Само него да го обожувате, а на родителите добро да им правите. Ако еден од нив или двајцата кај тебе доживеат старост не кажувај им ни уф! Не обраќај им се со висок глас и зборувај им зборови благородни. И пред нив спушти ги крилјата на потчинетоста и милоста и речи: „Господару мој, смилуј им се онака како што тие ми се смилуваа кога бев малечок“.

И дај му го на ближниот правото негово, и на сиромашниот, и на патникот, и не троши безмерно. Расипниците, навистина се браќа на Ѓаволот.

И не убивајте ги децата ваши плашејќи се од сиромаштија. Ние и нив и вас ве храниме. Убивањето нивно, навистина, е грев голем.

И не приближувајте се кон блуд. Тоа, навистина, е разврат и пат лош.

И не убивајте никого за кого Алах забрани, бесправно. А во однос на оној кој е убиен, ни крив ни должен, на заштитникот негов му дадовме власт, но нека не претерува во убивањето.

И не приблжувајте се кон имотот на сирачето. И додека не стане полнолетен, однесувајте се кон него на најдобар начин.

Исполнувајте го договорот. За договорот, навистина, има одговорност.

И кога мерите, мерете како што треба, мерејќи на кантарите праведно. Ете тоа е најдобар и најубав исход.

И не слади го она што не го знаеш. И слухот и видот и срцето нека ти бидат одговорни, навистина.

И не оди по земјата горделиво. Ти, навистина, земјата не ќе ја пробиеш и не ќе ги надвишиш брдата.



# Исламски концепт

## Не постои религиозна власт

Во исламот не постои друга официјална власт, освен кадијата, која кажува кој е примен, а кој е исфрлен од верската заедница (*Умет*-„семејство или народ“).

Исламот е отворен за сите, без разлика на раса, возраст, пол или претходна вера. Доволно е да се верува во главните исламски верувања и по тоа да се делува. Ова формално се постигнува со рецитирање на сведоштвото *шехадетот*, кое треба да биде искрено и од срце. Без оваа изјава никој не може да стане муслиман. Доволно е човек да верува, да се декларира како муслиман и да се однесува на начин кој му прилега на еден муслиман за да биде прифатен во исламската заедница.

## Исламско право

Шеријат (арапски за „добро истапкана патека„) е исламско право според традиционалното исламско учење. Куранот претставува главен извор за исламското право. Вториот извор е сунетот на Мухамед и раната исламска заедница. Сунетот сам по себе не е текст како Куранот, но е изваден како анализа на хадисот (арапски за „извештај“ ), или запишаните усни традиции, кои се во база на зборови и учења од Мухамед или содржат раскажувања за мислите и делата на Мухамед. Иџмата (консензус на исламската заедница) и кијасот (аналогно расудување) се третиот и четвртиот извор на шеријат.

Во неговите класични облици, исламското право ги опфаќа сите сфери на живеење, од управа и меѓународни односи, до секојдневниот живот. Исламските закони покриени од Куранот се нарекуваат *худуд* закони. Овие закони подразбираат забрана за убиство, вонбрачен секс, замање-давање на камата, пиење алкохол и комар. Куранот исто така содржи

закони за наследство, брак, надомест за оштетувања и убиства, како и правила за постење, добротворност и молитва. Меѓутоа препораките и забраните можат да бидат генерални, така што нивната практика е варијабилна. Исламските мислители и научници, *улемата*, имаат разработено законски систем базиран на овие генерални правила, со додадени извештаи од хадисот за тоа како Мухамед и неговите придружници ги имаат интерпретирано.

Во денешно време, не сите муслимани го разбираат Куранот во арапски оргинал. Затоа кога муслиманите не се согласуваат, се консултираат со муфтија (исламски судија) кој им дава совет врз основа на шаријатот и хадисот.

## Исламскиот календар

Исламските датуми почнуваат со Хиџра, или преселбата од Мека во Медина. Ова е 1 година по исламскиот календар која одговара на 622. Месечевиот календар се разликува од другите такви календари (како на пр. келтскиот календар) по тоа што ги нема престапните месеци и со тоа што е синхронизиран само со лунациите, но не и со сончевата година, а како резултат на тоа годините имаат по 354 или 355 дена. Затоа исламските датуми не можат да се претвораат во вообичаените п.н.е/н.е датуми со додавање на 622 години. Исламските празници не паѓаат на фиксирани датуми од месечевиот календар, што се различни годишни времиња и датуми во Грегоријанскиот календар.

## Исламските школи

Иџмата се смета како највисока и доверлива школа. Исламска институција за донесување одлуки ги прифаќа четирите школи како следбенички на објавениот Ислам во времето на Мухамед. Овие школи се разликуваат меѓусебно само во некои точки на толкување, од друга страна пак за повеќето битни елементи од Куранот потполно се согласуваат. Овие школи се: Ханефи, Малики, Ханибели и Шафи. Сите други школи и организации се неприфатливи и се сметаат за девијации.



# Симболи на исламот



Оваа ѕвезда и полумесечина се состои од арапска калиграфија која ја означува басмалата, првиот стих од Куранот и шехадетот, изразувањето верба во Алах.

Муслиманите не признаваат никаква икона или боја како света во исламот, бидејќи возвишувањето на симболички и материјални нешта е спротивно на монотеизмот. Многу луѓе ги сметаат ѕвездата и полумесечината за симбол на исламот, но тоа се всушност обележја на Отоманската империја, а не на исламот во целина. Зелената боја исто така се смета за исламска; тоа е обичај и не е препорачан од теолозите. Меѓутоа, муслимантие често користат раскошно калиграфирани стихови од Куранот и слики од кабата како декорација на џамиите, домовите и јавните места. Се верува дека куранските симболи се свети, а не се за користење како декорација или симбол.


Picturesofislam.com



# Заклучок

Од ова заклучивме дека: Единствена вистина е дека Бог е еден. Исламот има пет битни елемента кои во исламската наука се нерекуваат пет столба на исламот, а тоа се: сведочењето, молитвата, постот, зеќатот, посета на Каба. Има дванаесет морални правила во Куранот. Основниот концепт на исламот е Божјото Едноштво. Луѓето треба да ги извршуваат божјите заповеди и забрани. Моралот, исто така, има важно место во учењето на исламот. Една од основните цели на исламот е да изгради кај муслиманите здрав и чист морал. Според исламот, убавото воспитување претставува украс на човековата душа. Четири школи како следбенички на исламот во времето на Мухамед се: Ханефи, Ханабели, Малики и Шафи, а сите други школи и организации се неприфатливи и се сметаат за девијации. Исламските празници не паѓаат на фиксирани датуми од месечевиот календар, што се различни годишни времиња и датуми во Грегоријанскиот календар. Симболот на исламот е ѕвезда и полумесечина. Таа се состои од арапска калиграфија која ја означува басмалата, првиот стих од Коранот и шехадетот, изразувањето на вербата во Алах.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Abdul' Ala Al – Mawdudi (2004). *The moral system of islam*. Превземено на 1 Април 2010 год. http://www.witness-pioneer.org/vil/articles/tazkiyah/themoralsystem.htlm.

2. Барди Исмаил (2004): *Исламскиот хуманизам основа за меѓу религиски дијалог.*Зборник: *Градење доверба помеѓу Црквите и верските заедници во Македонија преку дијалог.*

3. Brajcic Rudolf (2001) Islam, Zagreb

4. Вехби Исмаил. (1997): *Мухамед Алејхиселам*, Скопје.

5. El Gazali Ebu Hamid Muhammed (1995) *Islamska Etika,Prevod na bosanski: Muris Bilalagic,Sarajevo.*

6. Ел- Фаруки Раџи Исмаил (2006) *Исламот и другите вери*, Скопје

7. Esposito John L. (2003) *Sto bi svatko trebao znati o islamu,* Prevod: Kahteron Nenadi Koprek Ivan, Zagreb.

8. *Исламот и политиката на Западен Балкан* (2009) Реиздание на Македонскиот центар за меѓународна соработка, Скопје.

9. *Islam,* Превземено на 1 Април 2010 год. *http://www.step.hr./Duhovnost/religija/islam.*

10 *Islam the Koran,* Превземено на 20 Април 2010 год. *http://library.thinkquest.org/28505/islam/koran.ht.*

11 *Кур'ан* со превод 1418Х (1997). Превод на Македонски – торбешки: Хасан Џи ло, Комплексом „Мелик Фахд" за печатење на Куранот Медина, КСА.

12 Khouru Adee Th. (2005) *Leksikon temeljnih religiskih pojmova,* prevod Paravic Nedeljka, Matkovic Liljana, Pavic Zeljko. Zagreb.

13 *Монотеистички религии, религија ислам,теологија,Аврамски религии,* Превземено на 22 Јануари 2011 год. http://www.wikipedija.com.

14 *Muhamed,* Превземено на 22 Јануари 2011 год. http://en.wikipedia.org/wiki/Muhammad.

15 *Religija islam* Превземено на 24 Јануари 2011 год.
http://virtualnigrad.com//islam_religija_pokovanje_obelezja.

16 Синани Ајни. (2006) *Илмихал,* Скопје

17 Темков Кирил, (2005) *Учебник по етика трета година гимназиско образование*, просветно дело Скопје.

18 *The Religion of islam.* Превземено на 12 Февруари 2011 год.
http://www.islamreligion.com/

19 *History & Beliefs of Islamic Religion*. Превземено на 12 Февруари 2011 год.
*http://www.spaceandmotion.com/religion-islam-muslim-islamic-quran.htm*

20 *History of islam and Muhamad.* Превземено на 4 Март 2011 год
*http://www.bibleprobe.com/muhammad.htm*